**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА ОПШТИНА ОХРИД**

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>19.04.2022 год.<br>БРОЈ 4 ГОДИНА 57 |
|---|---|

**С О Д Р Ж И Н А**

| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за примање на донација од Државна Видеолотарија-Касинос Аустриа ДОО Скопје во уредување-реконструкција на мултифункционален терен за ракомет, фудбал и кошарка во општина Охрид. | **5** |
| **2.** | Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2022 година. | **7** |
| **3.** | Одлука за измени и дополнувања на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2022 година (Н1). | **15** |
| **4.** | Одлука за измени и дополнувања на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2022 година (Н2). | **16** |
| **5.** | Одлука за измени и дополнувања на развојна програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование 2022-2024 година (НБ). | **17** |
| **6.** | Одлука за измени и дополнувања на годишната програма на општина Охрид за детска заштита за 2022 година (В1). | **19** |
| **7.** | Одлука за измени и дополнувања на годишната програма на општина Охрид за здравствена и социјална заштита за 2022 година (Т1). | **20** |
| **8.** | Одлука за измена и дополнување на буџетот на ЕЛС Општина Охрид за 2022 година. | **21** |
| **9.** | Одлука за изменување и дополнување на одлуката за реализација на проектот „Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности“ преку партиципација и сопствено учество на општина Охрид. | **24** |
| **10.** | Одлука за изменување и дополнување на одлуката за авто такси превоз на патници во општина Охрид. | **25** |
| **11.** | Одлука за донесување Правилник за субвенционирање на линиски превоз на патници, кој заеднички го организираат општина Охрид и општина Дебрца. | **26** |

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | Одлука за изменување на Правилникот за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачје на општина Охрид. | **33** |
| **13.** | Одлука за давање согласност на одлуката за воведување на нова дејност на ЈП Нискоградба Охрид - Охрид. | **34** |
| **14.** | Одлука за давање согласност на одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Нискоградба Охрид - Охрид. | **35** |
| **15.** | Одлука за давање согласност на одлуката за дополнување на ценовникот на слуги на ЈП Нискоградба Охрид - Охрид. | **36** |
| **16** | Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП„Охридски комуналец“ Охрид (Пречистен текст). | **37** |
| **17.** | Одлука за усвојување на годишниот извештај за реализација на програмата за развој на Југозападниот плански регион за 2021 година со инегриран финансиски извештај за 2021 година. | **38** |
| **18.** | Одлука за формирање Локален Совет за превенција на подрачјето на општина Охрид. | **39** |
| **19.** | Одлука за давање на користење недвижен имот - урбана опрема. | **41** |
| **20.** | Одлука за утврдување на висината на надоместокот на членови на комисија за урбанизам. | **43** |
| **21.** | Одлука за донесување техничка исправка за ГП 2.78 од Детален урбанистички план за 6-та УЗ, УБ 6.2 опфат 1, општина Охрид. | **44** |
| **22.** | Одлука за донесување на план за парцелација од урбанистички проект со план за парцелација за промена на границата на две соседни градежни парцели ГП 1 (КП 1688/2 и дел од КП 1688/1) и ГП 2 (КП 1688/1 и дел од КП 1687/1) во ДУП за станбена населба „Радојца Новичиќ” во КО Охрид 4 - Општина Охрид. | **45** |
| **23.** | Одлука за донесување на план за парцелација од урбанистички проект со план за парцелација за промена на границата на две соседни градежни парцели ГП 1 формирана на КП 4514/1 и делови од други КП и ГП 2 формирана на дел од КП 4500 и делови од други КП во ДУП за 11-та Урбана Единица - Охрид, МЗ Видобишта во КО Охрид 4, Општина Охрид. | **47** |
| **24** | Одлука за партиципација и сопствено учество на општина охрид во проектот „изработка на проектно - техничка документација за пат од с. Лескоец до с. Горно Лакочеј и долно Лакочереј“ | **48** |
| **25** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 177 КО Пештани | **50** |
| **26** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2154/2 и 2154/3 КО Лескоец | **51** |
| **27** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2391 и 2393/1 КО Лескоец | **53** |

| | | |
|---|---|---|
| **28** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2553/1 и 2553/2 КО Долно Лакочереј | **54** |
| **29** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1227 и 1228 КО Плаќе | **55** |
| **30** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1428 КО Велестово | **57** |
| **31** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 6284/5 КО Охрид 4 | **58** |
| **32** | одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1482 и 1499 КО Трпејца | **59** |
| **33** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1310 КО Лескоец | **61** |
| **34** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1486/1 и 1486/2 КО Трпејца | **62** |
| **35** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1489/1 КО Пештани | **63** |
| **36** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2902/1 КО Коњско | **65** |
| **37** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1142 и 1341/1 КО Долно Лакочереј | **66** |
| **38** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2377/1 КО Долно Лакочереј | **67** |
| **39** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1620 и 1621/2 КО Лескоец | **69** |
| **40** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 162/1 КО Охрид 4 | **70** |
| **41** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2905/1, 2905/2 и 2905/5 КО Елшани | **71** |
| **42** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 252/2 и 252/3 КО Велестово | **72** |

| | | |
|---|---|---|
| **43** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 624/1, 621/1 и 623 КО Велестово | **74** |
| **44** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2288 КО Љубаништа | **75** |
| **45** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1491 КО Трпејца | **76** |
| **46** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2472/1 КО Коњско | **77** |
| **47** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2867 и 3295 КО Коњско | **79** |
| **48** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 3005/1 и 893/11 КО Коњско | **80** |
| **49** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 3042/1 КО Елшани | **81** |
| **50** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 3192/2 КО Коњско | **83** |
| **51** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр.13890/3 КО Охрид 3 | **84** |
| **52** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр.1923/1 и 1923/2 КО Охрид 4 | **85** |
| **53** | Јавна објава | **86** |
| **54** | Јавна објава | **86** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ДРЖАВНА ВИДЕОЛОТАРИЈА-КАСИНОС АУСТРИА ДОО СКОПЈЕ ВО УРЕДУВАЊЕ-РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МУЛТИФУНКЦИОНАЛЕН ТЕРЕН ЗА РАКОМЕТ, ФУДБАЛ И КОШАРКА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за примање на донација од Државна Видеолотарија-Касинос Аустриа ДОО Скопје во уредување-реконструкција на мултифункционален терен за ракомет, фудбал и кошарка во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/27**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 18 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска со член 6 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИМАЊЕ ДОНАЦИЈА ОД ДРЖАВНА ВИДЕОЛОТАРИЈА-КАСИНОС АУСТРИА ДОО СКОПЈЕ ВО УРЕДУВАЊЕ-РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МУЛТИФУНКЦИОНАЛЕН ТЕРЕН ЗА РАКОМЕТ, ФУДБАЛ И КОШАРКА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Охрид се согласува да прими донација од Државната Видеолотарија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, која е насочена во уредување – реконструкција на мултифункционален терен за ракомет, фудбал и кошарка на катастарска парцела број 10246 КО Охрид 2, Основно училиште Христо Узунов, општина Охрид, со површина од 800м2.

**Член 2**

Предмет на оваа Донација е следнава опрема:

**<u>Мултифункционален терен за ракомет,фудбал и кошарка.</u>**

**ГОРЕН СЛОЈ**

**1.** Набавка и монтажа на гумена подлога за игралиште 800 м$^2$,изработена од три слоја и тоа: првиот слој е полутеренска подлога која се нанесува рачно,вториот слој е со 10мм дебелина мешавина на сбр гумена гранула со полиуретанско лепило лиена со машина за лиење гума и третиот слој е со 3мм дебелина ,епдм гумен гранулат во боја и полиуретанско лепило во боја изведено со шприц машина за шприцање гума. Третиот слој е во црвена боја- бордо.

**2.** Набавка, транспорт и цртање на бели линии за обележување на фудбалскиот и кошаркарски терен.

**3.** Набавка, транспорт и поставување на 2 табли за кош со челична рамка електростатска фарбана исполнета со транспарентен плексиглас 6мм со димензии на табла 180х105цм поставена врз метален столб ф80 со анкери. Набавка, транспорт и поставување на 2 фудбалски голови со димензии 248х80х155см, изработени од метална конструкција и јажеска мрежа.

**4.**Набавка транспорт и монтажа на ограда околу Мултифункционален терен за ракомет,фудбал и кошарка

Земјените, бетонски и подополагачки работи се обврска на општина Охрид.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Охрид, да склучи Договор за примање на донација со Државна Видеолотарија на Македонија.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 4989/3**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/28** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/2004, 139/2008 , 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 ), член 36 став 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 18 став 6 од Статутот на Општина Охрид („Службен гласник на Општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и Мислењето на ЈЗУ Центар за Јавно Здравје Охрид бр.10-115/2 од 24.03.2022 година**,** Советот на Општина Охрид на седница одржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2022 ГОДИНА**

**Вовед**

Програмата ги дефинира општите мерки за заштита на населението во општина Охрид од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да допринесат за подигнување на повисоко ниво на заштита на населението од заразни болести.Главна цел на програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести, како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2022 година.

Програмата дефинира 6 општи мерки за заштита на населението на општина Охрид од заразни заболувања, кои ќе се спроведат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон и тоа:

1) обезбедување безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување;

2) обезбедување хигиенски исправна вода во езерото;

3) отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина (вода, земјиште, воздух);

4) вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација, и други хигиенско- технички мерки на населени места и други јавни површини;

5) обезбедување санитарно - технички и хигиенски услови во јавни објекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, објекти за водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај,како и најавни места и

6) обезбедување на превентивно - промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Охрид, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид. Во рамки на општите мерки за заштита на населението во општина Охрид, во 2022 година ќе се преземат следните мерки:

**1. Обезбедување на населението со безбедна и достапна вода за пиење и контрола над јавните водоснабдителни објекти и исправноста на водата.**

Општина Охрид и во 2022 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

Водоснабдувањето на општина Охрид го врши ЈП „ Водовод“ Охрид и тоа за населените места: Орман, Рача, Велгошти, Лескоец, Д.Коњско, Пештани и туристичките локалитети долж брегот на езерото. Од локални водоводи кои се во системот ЈП „ Водовод“ Охрид се снабдуваат населените места: Трпејца, Љубаништа, Ливоишта, Вапила, Г.Лакочереј и Д.Лакочереј. Сопствени водоводи имаат селата: Рамне, Велестово, Косел, Ливоишта, Вапила, Сирула, Скребатно, Елшани, Расино, Опеница, Завој, Свињишта и Куратица.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење и информирање на корисниците за квалитетот на водата, вршат две здравствени установи и тоа: Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје и Центарот за Јавно здравје – Охрид.

**Планирани активности**

Согласно Правилникот за безбедност на водата ( „Сл.Весник на РМ“ бр.183/18), анализите на водата за пиење за безбедност во рамките на мониторингот се врши од страна на Центарот за јавно здравје Охрид и Институтот за јавно здравје Скопје. Испитувањето на санитарно – хигиенска исправност заради можност од евентуални загадувања и спречување на ризик од заболување на населението, се врши два пати годишно на мостри на сирова вода (нехлорирана ) од 5 изворишта Летница, Бунари Студенчишта, Бунари Орман, Билјанини Извори и од Охридско Езеро кај усисната корпа пред Пумпната станица Метропол во Институт за јавно здравје на РМ-Скопје. Испитувањата се земаат пред почеток и на крај на туристичката сезона. Исто така се врши испитување на квалитетот на водата и од мостри земени од населените места Велгошти, Лескоец и Љубаништа.

На мострите испратени во ИЈЗРМ се вршат следните анализи:

- Проширена хемиска анализа за одредување на присуство на токсичните метали;
- Анализа за присуство на пестициди и
- Анализа за присуство на радиоактивни елементи.

Центарот за јавно здравје Охрид согласно Правилникот за здравствена исправност на водата и безбеденост на водата за пиење во текот на 2022 година ќе врши еднаш неделно на 14-18 мерни места од системот за водоснабдување, а од останатите по една мостра месечно.

На земените примероци во Центарот за Јавно здравје Охрид се врши:

- Основна микробиолошка и хемиски анализа;
- Анализа на присуство на резидуален хлор во водата за пиење.

**Перманентни активности**

Покрај гореспоменатите контроли од двете јавни установи се прави и трета контрола од страна на вработените во ЈП „Водовод“ – Охрид. Секојдневно се контролира присуство на резидуален хлор во водата. Заради обезбедување на квалитетна вода за пиење покрај гореспоменатите контроли се врши и редовно одржување и сервисирање на системот на производство и третман на води.

**Квартални активности**

Најмалку четири пати годишно контрола на санитарно – хигиенска состојба на водоснабдителните хидроградежни објекти од системот.

На секои шест месеци вработените во објектите за снабдување на населението со вода за пиење треба да извршат задолжителен здравствено – хигиенски преглед.

**2. Обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби на целото крајбрежие на Охридското Езеро**

За заштита на Охридското Езеро изграден е колекторскиот систем кој ги собира отпадните води, кои понатака се пречистуваат во пречистителната станица во с.Враништа. Бидејќи хотелот „Десарет“, автокампот „Градиште“, автокампот „Љубаништа“ како и сите угостителски објекти во Св. Наум не се вклучени во колекторскиот систем за пречистување на комуналните отпадни води поседуваат свои пречистителни станици т.н. путекси каде треба да се врши соодветно механичко, хемиско и биолошко пречистување на отпадните води. Селата Трпејца и Љубаништа за комуналните отпадни води користат септички јами чие празнење треба да се врши редовно, заради тоа што дел од нив се наоѓаат на самиот брег и се директни загадувачи на езерото.

На реките Черава, Сатеска, Велгошка и Коселска река кои директно се вливаат во Охридското Езеро и се едни од неговите главни загадувачи, се врши редовно земање мостри за испитување на физичко – хемиската и микробиолошката анализа на водата.

Центарот за Јавно здравје – Охрид врши санитарно – хигиенски теренски увиди и истовремено се земаат мостри од езерската вода за физичко – хемиска бактериолошко и токсиколошка анализа со цел да се откријат потенцијалните загадувачи на езерската вода и да се превземат соодветни мерки за нивно благовремено санирање.

Мострите се земаат на 5 – 10 метри од брегот на езерото од оној дел кој најчесто се користи за капење, од мај до септември по 35 примероци месечно. Вкупниот број на земени примероци езерска вода минимум изнесува 150 според Националната програма за јавно здравје на РСМ. Испитување на квалитетот на водата кај градското пристаниште се врши и во јануари пред празникот Водици.

На земените мостри во Центарот за Јавно здравје Охрид се вршат следните анализи:

- Основни бактериолошко – хемиски анализи и
- Анализа на присуство на тешки метали.

**Перманентни активности**

Покрај горе споменатите контроли се врши перманентна контрола од страна на комунална инспекција и ДСЗИ во текот на цела година на извори на загадување, септички јами прочистителни станици и сл.

**Вонредни активности**

Ќе се врши контрола на исправноста на водата и по пријави на граѓани.

**3. Правилно и навремено отстранување на цврстиот отпад и отпадните води**

Отстранување и прочистување на отпадните води се врши со цел да се оневозможи загадување на човековата околина.

Стопанисувањето со канализационата мрежа во Општина Охрид го врши ЈП „Нискоградба Охрид“ – Охрид. Стопанисувањето со канализационата мрежа опфаќа нејзино одржување (функционално и градежно), нејзино проширување како и прифаќање на нови корисници.

Вкупната должина на постојната канализациона мрежа изнесува околу 176 км, од кои:

- мешовита канализациона мрежа 41 км,
- фекална канализациона мрежа 92 км,
- атмосферска канализациона мрежа 43 км и
- 7 ( седум ) препумпни станици

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење на јавните сообраќајни површини, одржувањето на пешачките патеки, детските игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирањето и депонирањето на собраниот смет се врши заради обезбедување на здрава и чиста средина.

Организираното собирање на комуналниот отпад го врши ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид во рамките на работната единица „Комунална Хигиена“ на подрачјето на градот Охрид, како и во 24 населени места. Собирањето на отпадот во 2022 година ќе се врши секојдневно во потесното градско подрачје, а во останатите делови од градот двапати неделно. Во текот на летната сезона во потесното градско подрачје комуналниот отпад се врши четири пати во текот на денот.

Исто така ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид врши собирање на ПЕТ – амбалажа, тврда пластика, стара хартија и стакло со цел намалување, повторна употреба и рециклирање на цврстиот отпад со примарна селекција која се врши на територијата на Општина Охрид и претставува чекор напред во рационалното управување со цврстиот отпад и животната средина.

**Планирани активности**

За превентивно спречување на појава од заразни болести одржувањето на канализационата мрежа ќе се врши секој ден во текот на 2022 година и тоа:

- Редовно одржување на линии - ќе се врши преглед и чистење на линии механичко и со пумпа. Работата ќе се одвива во две смени;
- Ќе се вршат интервенции на отклонување на дефекти и застои по пријава на граѓани, нон стоп во текот на 24 часа во текот на цела година;
- Ќе се врши преглед на пумпните станици, механичката опрема, електро опремата, нон стоп во текот на 24 часа во текот на цела година.

На седумте пумпни станици покрај секојдневното редовно контролирање во електричниот и механичкиот дел и ќе се вршат интервенции на чистење на јамите кај сите седум пумпни станици, ќе се вршат и замени и поправки на делови од опремата - пумпи, мотори и сл.

- Тековно одржување на улична ( фекална ) канализациона мрежа .......... км 176,
- Одржување на ревизиони, приклучни и прекршни шахти........................бр.8000,
- Чистење на улични сливници.....................................................................бр.1500,

- Планско темелно чистење на улична ( фекална ) и атмосферска канализациона мрежа........................................................................... км 176
- Електромашинско и механичко одржување на црпни станици ................бр. 7

Согласно категоризацијата улиците ќе се третираат на следниот начин:

*Метење и миење на улици:*

- **I категорија -**
  - метење 365 работни дена;
  - миење улици 184 дена;
  - празнење корпи за отпадоци 365 работни дена.
- **II категорија -**
  - метење 184 работни дена;
  - миење улици 60 дена.
- **III категорија -**
  - метење двапати неделно;
  - миење улици 40 дена.
- **IV категорија -**
  - метење еднаш неделно;
  - миење улици 20 дена.

*Одвод на смет*

- I категорија на улици – секојдневно, а во летниот период два пати во текот на денот.
- II категорија и III категорија на улици – два пати неделно.

*Дезинфекција*

- Дезинфекција на контејнери - еднаш годишно
- По потреба почеста дезинфекција на поголеми површини

**Перманентни активности**

Редовно се врши чистење на уличните сливници и ревизионите, приклучните и прекршочни шахти.Собирањето на сметот се врши перманенто согласно динамиката предвидена со годишната програма за подигање на комуналниот отпад по денови и региони, а метењето на улиците се врши според категоризацијата на улиците. Редовно се прават контроли од страна на комунална инспекција.

**Вонредни активности**

Ќе се вршат околу 3.000 интервентни чистења уличните сливници и ревизионите, приклучните и прекршочни шахти.

Ќе се вршат чистења на локации каде има појава на т.н.диви депонии.

Ќе се врши и контрола по пријави на граѓани.

**4. Спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во населени места и други јавни површини.**

Според Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 ) треба да се обезбедат санитарно- технички и хигиенски услови како и спроведување превентивна дезинфекција на јавни објекти: училиштата и предучилишните установи, Студенскиот дом, социјалните установи, објекти за водоснабдување, пазарот, автобуските станици и другите јавни објекти, средствата за јавен сообраќај.

Во населените места и јавните површини на подрачјето на територијата на Општина Охрид согласно Стручното мислење за спроведување на превентивни мерки за заштита на населението од заразни болести од ЈЗУ „Центарот за Јавно здравје“ – Охрид, Локалната самоуправа на општина Охрид ќе спроведе превентивна дезинсекција и дератизација.

**Планирани активности**

*Дезинсекција против комарци*

Поволните природни услови и микроклиматски погодности обезбедуваат стално присуство на бројни популаци на комарци и други штетни инсекти во регионот на општина Охрид. Со цел редукција на комарците и нивно доведување на едно биолошко ниво, со што во голема мерка ќе се допринесе во подобрување и зачувување на здравјето на луѓето и обезбедување на здрава човекова околина неопходно е **примената на општи и специфични мерки :**

- Подигање на свеста на населението за здравствените ризици од комарците, крлежите и другите вектори преку едукација и информации, пропаганден материјал, информативни постери, флаери, летоци и нивна дистрибуција меѓу населението, соработка со медиумите со цел здраствена промоција .

**Рок:** во тек на годината

- Исушување на застојни води (бари) и остранување на сите предмети каде се задржува вода која претставува средина за множење на комарци,
- Отстранување на високи треви, средување на земјиштето каде што се кријат крлежите

**Рок:** во тек на годината

- Евидентирање(мапирање ) на сите стоечки води, бари, канали, речни корита на територијата која ја покрива, при што ќе достави информација за севкупната површина и достапноста на потенцијалните места за размножување на комарците.

**Рок:** јануари до март

- Изработка на Предлог програма за дезинсекција
- Ларвицидна дезинсекција

**Рок:** од март до септември

- Адултицидна дезинсекција

**Рок:** од мај до септември

- Мониторинг на спроведувањето и квалитетот на спроведената дезинсекција

**Рок:** Во тек на спроведување

Места кои треба да бидат третирани се: Охридското крајбрежје на потег од с. Подмоље до комплексот Св. Наум, подножјето на планината Галичица - населба Билјанини извори и централното градско подрачје до улица Железничка, Студенчишко блато и по потегот на реката Грашница и Коселска река.

Комбинацијата од ларвицидна и адултицидна дезинсекција е вистинско решение во даденото подрачје. Ларвицидната и адултната дезинсекција ќе се врши согласно Акциониот план, односно од рана пролет до касна есен и да се спроведуваат на стурчен и организиран начин. Средствата со кои ќе се врши дезинсекцијата треба да бидат согласно препораките на Светската здравствена организација и да бидат регистрирани и одобрени од Секторот за хемикалии при Министерството за здравство. Извршителот на дезинсекцијата ќе се утврди во постапка и на начин согласно Законот за јавни набавки. По извршената дезинсекција, извршителот треба да достави извештај до Центарот за јавно

здравје, до локалната самоуправа, до Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Инситутот за јавно здравје. Контролата на спроведената дезинсекција ќе ја вршат Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Институтот за јавно здравје.

**Дератизацијата** ќе се врши со поставување на висечки мамци или статички парафински блокови во отворите од шахтите на постоечката канализациска мрежа, а ќе бидат опфатени и отворите што служат за собирање на атмосферска вода. Вкупниот број на опфатени шахти изнесува 3000.

**Превентивната дератизација се спроведува двапати годишно** :

1. Пролетна дератизација (прв дел од дератизациониот процес)

**Рок : од март до мај**

**2. Есенска дератизација** (втор дел од дератизациониот процес )

**Рок: од октомври до ноември**

**Два пати годишно** (пролет и есен) кога се очекува и најголема биолошка појава на штетни глодари треба да се третираат и други критични точки: јавни депонии и ѓубришта, околу семејни згради и куќи ( во подрумски простории, шупи) за да не се наруши хигиено- епидемиолошката состојба во општина Охрид. Доколку постојат предуслови дератизација ке се изведува и во селските населби.

**5. Обезбедување на хигиенско – технички услови во училишните и предучилишните установи**

За проценка на здравствено – еколошкиот ризик од небезбедна храна која се консумира од страна на населението за подрачјето на Општина Охрид во тек на 2022 година ќе се извршат санитарно – хигиенски увиди, при што ќе се земаат брисеви за бактериолошка чистота во објекти за исхрана во предучилишни установи, објекти за исхрана во училишни установи, објекти за исхрана лоцирани во непосредна близина на училишни установи, објекти за исхрана сместени во училишни и студенски домови и објекти за исхрана на ученици кои престојуваат во објекти за одмор односно рекреација.

Планирањето и водењето на овие активности е во рамките на Агенција за храна.

За проценка на здравствено- еколошкиот ризик од ширење на заразни заболувања во основните и средните училишта кои ги покрива ЈЗУ ЦЈЗ Охрид , ќе се вршат санитарно – хигиенски увиди во селектирани училишта и земање примероци вода за пиење за лабораториска анализа во рамки на планираните активности во Националната годишна програма за јавно здравство за 2022 година. Со примена на методологија согласно посебно изработено стручно-методолошко упатство од страна на Институтот за јавно здравје-Скопје. Индикатор: Информација за санитарно-хигиенската состојба во училиштата во Општина Охрид како и на ниво на РМ, со предлог мерки за унапредување на здрава училишна средина и мерки за зачувување и унапредување на здравјето на училишната популација.

Локалната самоуправа ќе постапува по потреби констатирани од страна на надлежните инспекции.

Исто така ќе се испитува биолошкиот квалитет на храната преку конзумно-амалитичка метода, како и следење на нутритивниот статус во функција на рана детекција на прекурсори на можни здравствени ризици за појава на хронични незаразни заболувања. За превенирање на болстите поврзани со небезбедна храна во текот на 2022 год. Ќе се врши бактериолошка анализа на приготвената храна.

**6. Превентивно – промотивни активности за унапредување на здравјето на населението**

Со здравствено воспитување во 2022 година ќе бидат опфатени теми и содржини кои се од приоритетно значење за населението преку организирање собири, трибини и медиуми.

Ќе се одржат предавања на следниве тематски целини:

- Грип
- Хепатити
- Инфективни ентероколити
- Имунизација
- Заштита на животната средина
- Сексуално преносливи заболувања
- ХИВ/СИДА
- Здрава исхрана;
- Редовна физичката активност заради спречување на појава на кардиоваскуларни заболувања кај маладата популација;
- Одржување на хигиена на рацете и целото тело кај училишната популација.

Редовно ќе се држат предавања на тема Хигиената на храната и заштита на животната средина.

Со влегување во сила на оваа Програма, престанува да важи Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населениото од заразни болести бр. 08-4086/9 од 28.04.2021 година.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-4989/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2022 ГОДИНА (Н1)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измени и дополнувања на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2022 година (Н1), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/29**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2022 ГОДИНА (Н1)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се вршат измени и дополнувања на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2022 година (Н1) број 08-13561/10 од 29.12.2021 година.

Со измените е опфатено следното:

- Во точка 9 од програмата „ доделување стипендии на ученици„ предвидената сума 1.500.000,00 денари се заменува со 1.850.000,00 денари;
- Точка 32 од програмата „ рушење на старо училиште ООУ Братство и единство Охрид – Крст Џамија„ заедно со предвидениот износ се брише;
- Во точка 13 од програмата „ плати и придонеси„ предвидената сума 255.200.000,00 денари се заменува со 257.078.487,00 денари;
- Во точка 14 од програмата „ режиски трошоци„ предвидената сума 12.120.000,00 денари се заменува со 11.679.000,00 денари;
- Во точка 15 од програмата „ превоз на ученици„ предвидената сума 2.000.000,00 денари се заменува со 1.000.000,00 денари;
- Во точка 20 од програмата „ тековно оддржување на објекти и опрема„ предвидената сума 500.000,00 денари се заменува со 900.000,00 денари;
- Точка 33 од програмата станува точка 32;

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објаување во Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08- 4989/5**
**15.04.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2022 ГОДИНА (Н2)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измени и дополнувања на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2022 година (Н2), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

| | |
|---|---|
| **Број 09- 4989/30** | **ОПШТИНА ОХРИД** |
| **18.04.2022 год.** | **Градоначалник** |
| **О х р и д** | **Кирил Пецаков,с.р.** |

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2022 ГОДИНА (Н2)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се вршат измени и дополнувања на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2022 година (Н2) број 08-13561/12 од 29.12.2021 година.

Со измените е опфатено следното:

- Во точка 21 од програмата „ доделување стипендии на ученици„ предвидената сума 2.000.000,00 денари се заменува со 1.242.000,00 денари;
- Во точка 28 од програмата „ доделување стипендии на студенти„ предвидената сума 2.500.000,00 денари се заменува со 405.000,00 денари;
- Во точка 1 од програмата „ плати и придонеси„ предвидената сума 94.100.000,00 денари се заменува со 95.600.000,00 денари;
- Во точка 14 од програмата „подобрување на доживотно учење ЕРАЗМУС плус програма„ предвидената сума 5.619.069,00 денари се заменува со 6.519.069,00 денари;

- Во точка 17 од програмата „ тековно одржување на објекти„ предвидената сума 9.534.609,00 денари се заменува со 6.265.456,00 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објаување во Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08- 4989/6**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2022-2024 ГОДИНА (НБ)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измени и дополнувања на развојна програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование 2022-2024 година (НБ), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/31**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2022-2024 ГОДИНА (НБ)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се вршат измени и дополнувања на развојната програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование за 2022-2024 година (НБ) број 08-13561/13 од 29.12.2021 година.

Со измените е опфатено следното:

- Во точка 9 од програмата „ купување училишна опрема,мебел и книги за библиотека„ предвидената сума 1.103.000,00 денари се заменува со 1.803.000,00 денари;
- Се додава нова точка 10 во програмата „ реконструкција на други објекти„ со предвидената сума 5.812.228,00 денари;

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објаувње во Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08- 4989/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2022 ГОДИНА (В1)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за одлука за измени и дополнувања на годишната програма на општина Охрид за детска заштита за 2022 година (В1), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/32** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2022 ГОДИНА (В1)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се вршат измени и дополнувања на годишната програма на општина Охрид за детска заштита за 2022 година (В1) број 08-13561/14 од 29.12.2021 година.

Со измените е опфатено следното:

- Во точка 4 од програмата „ плати и придонеси на вработените„ предвидената сума 43.993.000,00 денари се заменува со 45.270.840,00 денари;
- Во точка 5 од програмата „ режиски трошоци„ предвидената сума општински средства 0 денари се заменува со 3.928.000,00 денари;
- Во точка 5 од програмата „ режиски трошоци„ предвидената сума од блок дотација 4.422.804 денари се заменува со 4.946.645 денари;
- Во точка 16 од програмата „ средства за опремнини и солидарна помош„ предвидената сума 90.000,00 денари се заменува со 108.991,00 денари;

**Член 2**

Оваа Одлука влегувс во сила наредниот ден од денот на објаување во Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08- 4989/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2022 ГОДИНА (Т1)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измени и дополнувања на годишната програма на општина Охрид за здравствена и социјална заштита за 2022 година (Т1), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/33** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2022 ГОДИНА (Т1)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се вршат измени и дополнувања на годишната програма на општина Охрид за здравствена и социјална заштита за 2022 година (Т1) број 08-13561/16 од 29.12.2021 година.

Со измените е опфатено следното:

- Во точка 2 од програмата „ субвенционирање на трошоци за комунални услуги„ предвидената сума 1.500.000,00 денари се заменува со 2.150.000,00 денари;

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објаување во Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08- 4989/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измена и дополнување на буџетот на ЕЛС Општина Охрид за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/34**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/020), член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 18 став 1 точка 2 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА

### Член 1

Со ова Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Охрид за 2022 година на следниот начин:

| Програма | Опис | Буџет | Самофин. | Дотации | Донации | Креди |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потставка** | | | | | | |
| 717137 | Надомест за уред.на град.земјиште | -5,016,211 | | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на приходи | 5,016,211 | | 9,570,437 | | |
| 742114 | Приходи од европската унија | | | | 900,000 | |
| | | | | | | |
| **А00- СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | | |
| 464110 | Стипендии за студенти | -2,095,000 | | | | |
| | | | | | | |
| **N10- ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | | |
| 401130 | Основни плати-др.вработени | | | 1,878,487 | | |
| 421130 | Ѓубретарина | | | -441,000 | | |
| 421440 | Транспорт на луѓе | -2,500,000 | | | | |
| 423310 | Униформи | 25,000 | | | | |
| 424210 | Одржување на згради | 400,000 | | | | |
| 425760 | Превозни услуги во образование | 2,500,000 | | -1,000,000 | | |
| 425940 | Рушење на објекти | -2,500,000 | | | | |
| 464120 | Стипендии за подд.на млади таленти | 350,000 | | | | |
| | | | | | | |
| **N20- СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | | |
| 401130 | Основни плати-др.вработени | | | 1,000,000 | | |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | | | 500,000 | | |
| 423110 | Канцелариски материјали | | | | -1,000 | |
| 423210 | Материјали за АОП | | | | -1,000 | |
| 424210 | Одржување на згради | | | -36,262,000 | | |
| 424390 | Одржување на други објекти | | | 6,265,456 | | |
| 424410 | Поправ.и одрж.на мебел | | | 200,000 | | |
| 424420 | Поп.и одрж.на софт.и хардв.опрема | | | -2,800,000 | | |
| 424440 | Поправ.и одрж.на др.опрема | | | -4,000,000 | | |
| 425750 | Услуги за вонуч.образ.активности | | | | 900,000 | |

| | | Буџет | Самофин. | Дотации | Донации | Креди |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 426410 | Објавување на огласи | | | | -5,000 | |
| 426990 | Други оперативни расходи | | | | -12,500 | |
| 464120 | Стипендии за подд.млади таленти | -758,000 | | | | |
| 480130 | Купув.лабор.и истр.опрема | | | | 19,500 | |
| 480160 | Купув.опрема за греење и климат. | | | 6,000,000 | | |
| 480190 | Купување на друга опрема | | | 1,303,000 | | |
| 482930 | Реконструкција на др.објекти | | | 32,512,228 | | |
| 485710 | Книги за библиотеки и учебници | | | 500,000 | | |
| | | | | | | |
| ***V10- ДЕТСКИ ГРАДИНКИ*** | | | | | | |
| 401130 | Основни плати-др.вработени | | | 1,083,466 | | |
| 401310 | ПД на доход од плата | | | 239,812 | | |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | | | -45,438 | | |
| 421120 | Водовод и канализација | | | -100,000 | | |
| 421130 | Ѓубретарина | | | -92,239 | | |
| 421240 | Течни горива | 3,928,000 | | 523,891 | | |
| 464990 | Други трансфери | | | 18,991 | | |
| | | | | | | |
| ***Т10- УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВ.ЗАШТИТА*** | | | | | | |
| 461130 | Субвенции за јавни ком.претпријат. | 650,000 | | | | |

**Член 2**

Предлог измените и дополнувањата во наведените ставки и програми стануваат составен дел на буџетот на општина Охрид за 2022 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 4989/10**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ПОДДРШКА НА РЕГИОНАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ТУРИЗМОТ, КУЛТУРАТА И ДРУГИТЕ ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ“ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАЦИЈА И СОПСТВЕНО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за реализација на проектот „Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности“ преку партиципација и сопствено учество на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/35**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ПОДРШКА НА РЕГИОНАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ТУРИЗМОТ, КУЛТУРАТА И ДРУГИТЕ ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ“ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАЦИЈА И СОПСТВЕНО УЧЕСТВО НА ОШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за реализација на проектот „Подршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности“ преку партиципација и сопствено учество на оштина Охрид со број 08-4086/69 од 28.04.2021 и тоа:

- Во член 3 точката на крајот од реченицата се брише, на нејзино место се додаваат зборовите „како и финансиски средства во износ од 2.998.931,оо денари за изведба на атмосферска канализација на дел од улица „Момчило Јорданоски“ и финансиски средства во износ од 896.925,оо за изградба на атмосферска канализација на крак 4 од улица „Даме Груев“.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 4989/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за авто такси превоз на патници во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/36** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), а во врска со член 54 став 1 алинеја 5 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.Весник на РМ“ бр.68/04, 128/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18, 275/19), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО - ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Охрид, со број 07-4429/29 од 26.05.2014 и тоа:

- Членот 7 став 2 точка 1 целосно се менува и гласи:

1. Заштитната цена на превозот за старт изнесува 50 денари и за секој изминат километар на превоз цената изнесува 35 денари за секој ден во временски интервал од 05 часот наутро до 23 часот навечер, додека за секој ден во временски интервал од 23 часот навечер до 05 часот наутро заштитната цена на превозот за старт изнесува 50 денари и за секој изминат километар на превоз цената изнесува 45 денари.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 4989/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ, КОЈ ЗАЕДНИЧКИ ГО ОРГАНИЗИРААТ ОПШТИНА ОХРИД И ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување Правилник за субвенционирање на линиски превоз на патници, кој заеднички го организираат општина Охрид и општина Дебрца, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/37** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр.68/04, 128/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18, 275/19), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), А0 Програма Совет на општина Охрид бр.08-13561/19 од 29.12.2021 год. Конто бр.464990 Други трансфери („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.17/2021), по предлог на Градоначалникот, Советот на општина Охрид на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ, КОЈ ЗАЕДНИЧКИ ГО ОРГАНИЗИРААТ ОПШТИНА ОХРИД И ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат основните критериуми и постапка за субвенционирање на линиски превоз на патници, кои заеднички го организираат Општина Охрид и Општина Дебрца, (во натамошниот текст: Правилник).

## ЦЕЛ И ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОГРАМСКАТА АКТИВНОСТ

**Член 2**

Поврзаноста на руралните со урбаните средини со линиски превоз на патници е клучна инфраструктура и комунална услуга што локалната самоуправа треба да им ја обезбеди на своите граѓани. Мобилноста и подвижноста на граѓаните на територијата на двете општини е од клучно значење за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, брза и ефикасна пристапност на граѓаните помеѓу двете општини и со руралните средини од двете општини, со цел подобрување на животот и функционирањето на граѓаните и функционирањето на двете Општини.

Следејќи ги светските трендови во услови на економска криза, а поради нормално функционирање на линиски превоз на патници што заеднички го организираат Општина Охрид и Општина Дебрца се **врши помагање на значајна стопанска дејност** во услови на криза со цел оддржување на линиите за превоз на патници на територијата на двете општини и избегнување на затворање на овие комопании чија претежна дејност е првоз на патници.

Намалениот обем на патници и линии во голема мера влијае врз рентабилноста и економската оправданост на компаниите кои работат во оваа дејност. Како резултат на тоа постои сериозен ризик од намалување на бројот на линии, намалување на бројот на дневни поаѓања во јавниот превоз со што во прашање би се довело одржување на линиите поради нерентабилност и нееекономичност, а со тоа директно да влијаат врз оневозможување на граѓаните да ги користат превозните услуги.

Линискиот превоз на патници помеѓу двете општини е потребен за развојот на општините, тој индиректно влијае на потикнување на развојот на целиот приватен сектор потикнување на вработување на нови лица и подобрување на економската состојба.

Програмската активност покрај социјалната и економски развојната димензија се очекува исто така позитивно да влијае и на подобрување на квалитетот на животната средина и намалување на емисијата на штетните гасови во општина Охрид и Општина Дебрца преку стимулирање на граѓаните да го користат постоечкиот јавен превоз.

## ОСНОВНИ ПОИМИ

**Член 3**

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

„Барател“ е правно лице регистрирано за вршење на превоз на патници, кое поседува важечка лиценца за вршење линиски превоз на патници во општина Охрид или Општина Дебрца, има Дозвола за вршење на превоз на патници на определена линија и регистриран возен ред за истата, кое поднело барање за субвенционирање на општински линиски превоз на патници (во натамошниот текст: Барање за субвенционирање).

„Корисник“ е секој барател кој доставил Барање за субвенционирање на линиски превоз на патници во општина Охрид со комплетна документација во прилог и на кого му е одобрено поднесеното барање за користење на субвенција од страна на комисијата.

„Линиски превоз на патници“ кој заеднички го организираат Општина Охрид и Општина Дебрца се утврдува како комунална дејност од јавен интерс на граѓаните на општина Охрид и Општина Дебрца со Одлука на совет за општински линиски превоз на патници како и измени и дополнување на истата.

Согласно Одлуката на совет бр.09-7951/10 (од 11.06.2015), Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Охрид со бр.08- 12305/34 од 06.12.2021 и Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Охрид со бр.08- 653/12 од 31.01.2022, како и спогодбата потпишана помеѓу двете општини, општината Охрид и Општина Дебрца заеднички го организираат линиски превоз на патници помеѓу овие две општини.

Линиски превоз на патници помеѓу Општина Охрид и Општина Дебрца можат да го вршат само превозници кои после добивањето на лиценца за вршење на таков вид на превоз, добиле и дозвола за вршење на општински линиски превоз на определена линија и регистрирале возен ред.

Согласно спогодбата за заедничко организирање на линискиот превоз на патници помеѓу Општина Охрид и Општина Дебрца, утврдена е следната мрежа на лини:

1. Охрид – с. Врбјани – Охрид
2. Охрид – с. Слатино – Охрид
3. Охрид – с.Велмеј – Охрид
4. Охрис – с.Мешеишта – Охрид

Согласно Одлуката за остварување на субвенции во линискиот превоз на патници, кој заеднички го организираат општина Охрид и општина Дебарца, субвенционирањето се врши на следните линии и тоа:

| **Ред. број** | **Назив на линијата** | **Автобуски стојалишта** |
|---|---|---|
| 1. | Охрид – с. Врбјани | Автобуска станица Охрид, Мини маркет, Градски пазар, Даљан, С.Подмоље, с.Оровник, с.Горенци, с.Требеништа, с. Мешеишта, с. Ботун, с. Ново Село, с. Песочан, с. Лактиње, с. Годивје, с. Арбиново, с. Слатино, с.Врбјани |
| 2. | Охрид – с.Слатино | Автобуска станица Охрид, Мини маркет, Градски пазар, Даљан, С.Подмоље, с.Оровник, с.Горенци, с.Требеништа, с. Мешеишта, с. Ботун, с. Ново Село, с. Песочан, с. Издеглавје, с. Оздолени, с. Слатино |
| 3. | Охрид – с. Велмеј | Автобуска станица Охрид, Мини маркет, Градски пазар, Даљан, С.Подмоље, с.Оровник, с.Горенци, с.Требеништа, с. Мешеишта, с. Ботун, с.Злести, Белчишта, с. Лешани, с. Велмеј |

На линијата Охрид – с.Слатино ќе се субвенционираат по две поаѓања, за линијата Охрид – с.Врбјани три поаѓања а за линијата Охрид – с.Велмеј четири поаѓања.

**ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ**

**Член 4**

Должината на линијата која е предмет на субвенционирање ќе биде утврдена од страна на комисијата формирана од страна на градоначалникот на општина Дебрца и градоначалникот на опптина Охрид, согласно со утврдените стојалишта, во приссуство на претставник на превозникот кој го добил одржувањето на линијата на јавниот повик за доделување на линии во линискиот превоз на патници, кој заеднички го организираат општина Дебрца и општина Охрид.

Субвенционирањето се врши на месечно ниво за секоја линија посебно, согласно вкупно изминатите километри предвидени со регистрираниот возен ред.

Субвенцијата изнесува десет 10 ( десет) денари по изминат километар. Општина Охрид и општина Дебарца ќе ја исплаќаат субвенцијата од претходниот став во еднаков износ, односно секоја општина ќе исплаќа субвенција од по 5 (пет) денари по изминат километар.

Доделувањето на субвенцијата ќе биде реализирано преку Јавниот повик за доделување на линии во линиски превоз на патници, кој заеднички го организираат општина Охрид и општина Дебарца, чиј што составен дел ќе биде и оваа одлука.

Субвенционирањето се врши на месечно ниво, согласно вкупно изминатите километри што превозникот ги изминал според регистрираниот возен ред.

**КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО**

**Член 5**

Право на субвенционирањеќе има секој барател кој:

1. Има лиценца, дозвола за вршење на превоз и регистриран возен ред за вршење општински линиски превоз на патници во општина Охрид.
2. Е трговско друштво основано во согласност со Законот за трговски друштва и регистрирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија.
3. Има регистрирано деловно седиште во општина Охрид во последната 1 (една) години, сметано од датумот на објавување на Јавниот повик.
4. Има регистрирано претежна дејност – вршење на прввоз на патници во патниот сообраќај, согласно Националната Класификација на Дејности.
5. Не е во постапка на стечај или ликвидација.
6. Нема ненамирени обврски (даноци и придонеси) кон општина Охрид и државата.
7. Цените на билетите ги има утврдено во согласност со Одлуката на Совет за општински линиски превоз (бр. 08-12305/34 (од 06.12.2021).
8. Ќе обезбеди бесплатно користење на нивните превозни услуги во времетраење на користењето на субвенцијата за корисницикои имаат право на социјална помош, корисници на постојана парична помош и на лица со попреченост.

**ПРИЈАВУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

**Член 6**

Постапката за субвенционирање ќе се реализира по Јавен повик.

Јавниот повик задолжително треба да ги содржи и следните елементи:

- Вкупниот износ на расположливи средства за повикот;
- Максималнионт износ на субвенција по изминат километар;
- Крајниот рок за пријавување кој не може да е пократок од 15 дена;

Еден барател може да поднесе барање на Јавниот повик за субвенција на линија за која има дозвола и регистриран возен ред.

За пријавување на Јавниот повик барателот доставува барање за субвенционирање, дадено во Прилог 1 на овој Правилник *(барањата и обрасците од овој Правилник можат да се подигнат во архивата на општина Охрид или да се симнат од веб страна на општина Охрид: www.ohrid.gov.mk)*.

За докажување на исполнетост на условите од член 4 од овој Правилник, заедно со барањето за субвенционирање барателот треба да достави и:

- Важечки договор (оригинал или копија заверена на нотар) за вршење линиски превоз на патници помешу општина Охрид и Општина Дебрца.
- Лиценца, дозвола за вршење на превоз и регистриран возен редозвола за линиите.
- Тековна состојба на деловниот субјект не постара од 60 (шеесет) дена од датумот на поднесување на барањето.
- Потврда од Централен регистар дека над деловниот субјект не е отворена стечајна постапка, не постара од 60 (шеесет) дена од датумот на поднесување на барањето.
- Потврда од Централен регистар дека над деловниот субјект не е отворена постапка за ликвидација, не постара од 60 (шеесет) дена од датумот на поднесување на барањето.
- Уверение за платени даноци и придонеси, издадено од Управата за јавни приходи не постаро од 60 (шеесет) дена од датумот на поднесување на барањето.
- Потврда од општина Охрид за подмирени комунални такси, даноци и фирмарина за претходните две години (2020-2021 год).
- Ценовник со моменталните цени на билетите што ги издава на патниците.
- Изјава за согласност за обезбедување бесплатен превоз на корисници кои имаат право на социјална помош, корисници на постојана парична помош и на лица со попреченост (за време на траење на субвенцијата).

Барањата за субвенционирање заедно со потребната документација, барателот во затворен плик ги доставува преку архивата на општина Охрид, на адреса ул. „Димитар Влахов“ бр.57, секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот. На пликот треба да е наведено „За Јавен повик за субвенционрање на линиски превоз на патници што заеднички го организираат Општина Охрид и Општина Дебрца“.

**Член 7**

Барања ги разгледува Комисија за спроведување на јавниот повик за субвенционрање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид, формирана од страна на Градоначалникот на општина Охрид, по објавување на Јавниот повик (во натамошниот текст: Комисијата).

За секој барател за кој Комисијата ќе утврди дека ги исполнува условите, во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на барањето ќе го извести писмено Корисникот што треба да достави на крај на месец за исплаќање на субвенцијата.

Доколку барањето не е уредно и комплетно, во рок од 10 (дена) дена од денот на приемот на барањето Комисијата ќе го извести барателот по писмен пат да го дополни барањето во даден рок.

Доколку Комисијата за Јавниот повик утврди дека барателот не ги исполнува условите од Јавниот оглас или барателот во дополнително дадениот рок не го дополни барањето, Комисијата го извести барателот дека барањето е одбиено.

Разгледувањето и изборот на Барањата кои ги исполнуваат условите од Јавниот повик, ќе се спроведува и утврдува врз основа на комплетна доставена документација и уредно доставени докази за изминатите километри.

Заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата и запазување на горенаведениот принцип, архивата на општина Охрид сите пристигнати барања ќе ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута).

Општина Охрид ќе ја извести јавноста преку објава на својата веб страна за завршувањето на Јавниот повик. Сите барања кои ќе стигнат по овој датум нема да се разгледуваат.

**УСЛОВИ И НАЧИН НА ИСПЛАТА**

**Член 8**

Корисникот што ќе ги исполни услови за исплата, доставува Барање за исплата на финансиски средства (во натамошниот текст: Барање за исплата) дадено во Прилог 2 на овој Правилник.

За докажување на исполнетост на условите од овој Правилник, заедно со барањето за исплата на субвенција барателот треба да достави и:

1. Фактури за направени трошоци за превоз на патниците (исплатени плати на вработените и исплатени фактури за гориво) со извадоци од сметководствена евиденција за докажување (месечни).
2. дневен фискален извештај за секоја линија за која се бараат субвенции, со Изјава потпишана од барателот дека Дневниот Фискален Извештај се однесува на линијата која е предмет на барањето за субвенционирање.
3. Пополнет извештај за месечни трошоци (прилог 4).
4. Изјава заверена на нотар, дадено во Прилог 3 со која корисникот потврдува дека поднесените документи и информаци во барањето се вистинити и веродостојни и дека нема примено друга финансиска поддршка за вршење на општински линиски превоз на патници од општина Охрид.
5. Изјава дека ќе обезбедат бесплатен превоз на корисници кои имаат право на социјална помош, корисници на постојана парична помош и на лица со попреченост за време на траење на субвенцијата.

Документите од точка 1 и 2 се доставуваат во оригинал и копија. Копијата за јавенот повик се доставува на секоја страница со потпис и печат од страна на Корисникот, со што ја потврдува нивната веродостојност.

За секој корисник кој ги исполнил условите Јавниот повик во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Барањето за исплата и извештајот, Комисијата ќе предложи до Градоначалникот да донесе Решение за исплата на финасиските средства.

Доколку барањето за исплата и документацијата не се комплетни, во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на барањето Комисијата ќе го извести корисникот по писмен пат, да го дополни барањето во даден рок.

Доколку корисникот не организирал линиски превоз за патници, или пак во дадениот рок за дополна не го дополни барањето за исплата, Комисијата ќе предложи до Градоначалникот да донесе решение со кое се одбива барањето за исплата.

Доколку Комисијата за исплата утврди дека износот на финансиската поддршка кој треба да се исплати е помал од износот во барањето, Комисијата ќе го исвести корисникот и ќе предложи на Градоначалникот да донесе решение со намален износ за исплата кој соодветствува на утврдениот број на поминати километри.

Финансиската поддршка ќе биде исплатена на банкарската сметка наведена во Барањето за субвенционирање.

Финансиската поддршка нема да бидат исплатени доколку:

- Корисникот не ги почитува обврските кои произлегуваат од овој Правилник;
- Корисникот поднесува неверодостојни или лажни документи и податоци до општина Охрид;
- Не ја вози линијата согласно утврдениот возен ред и
- По барање на корисникот.

Комисијата ќе може да врши увид во документација на барателот и да обезбеди дополнителни информации од надлежните институции со цел проверка и решавање на предметното барање.

**ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ**

**Член 9**

Корисникот е должен:

- По барање на Комисијата за исплата да доставува месечни извештаи за настанатите трошоци за линиски превоз на патници помеѓу двете општини, според образецот даден во Прилог 4 од овој Правилник;

- По претходна најава од Комисијата предвидена во член 7 од овој Правилник, да обезбеди непречен пристап во работни просторите на претпријатиeто и увид во документацијата која е потребна, за следење на превозот (бројот на поминати километри и бројот на поаѓања) и исполнетост на условите од овој Правилник.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 10**

Корисниците кои нема да бидат субвенционирани, нивните документи ќе бидат вратени.

Документите кои ќе бидат доставени имаат важност на чување од 5 години.

**Член 11**

Овој одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4989/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за изменување на Правилникот за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачје на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/38**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), а во врска со член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.Весник на РМ“ бр.68/04, 128/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18, 275/19), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на Правилникот за субвенционирање на Општински линиски превоз на патници на подрачје на Општина Охрид со број 08-1332/8 од 10.02.2022 и тоа:

- Во член 4 став 2 после зборовите „при што износот за субвенција ќе изнесува 10 денари по изминат километар“ се става точка, додека останатиот дел од реченицата која гласи „ќе се субвенционираат 40% од вкупниот број на тргнувања на линија“ се брише.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 4989/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВА ДЕЈНОСТ НА ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за воведување на нова дејност на ЈП Нискоградба Охрид - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/39** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВА ДЕЈНОСТ НА ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД – ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за воведување на нова дејност на ЈП Нискоградба Охрид - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП Нискоградба Охрид - Охрид бр.02-303/6 од 18.03.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4989/15**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Нискоградба Охрид - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/40**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Нискоградба Охрид - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП Нискоградба Охрид - Охрид бр.02-303/7 од 18.03.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4989/16**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ НА УСЛУГИ НА ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за дополнување на ценовникот на услуги на ЈП Нискоградба Охрид - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/41**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и 275/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ НА УСЛУГИ НА ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за дополнување на ценовникот на услуги на ЈП Нискоградба Охрид - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП Нискоградба Охрид - Охрид бр.02-303/3 од 18.03.2022 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4989/17**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП„Охридски комуналец“ Охрид (Пречистен текст), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/42**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и 275/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД**

**(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП„Охридски комуналец“ Охрид (Пречистен текст), донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски комуналец“ Охрид бр.02-688/6 од 29.03.2022 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 4989/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2021 ГОДИНА СО ИНЕГРИРАН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на годишниот извештај за реализација на програмата за развој на Југозападниот плански регион за 2021 година со инегриран финансиски извештај за 2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/43** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 1/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2021 ГОДИНА СО ИНТЕГРИРАН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион за 2021 година со интегриран финансиски извештај за 2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Охрид.

**Бр.08- 4989/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за формирање Локален Совет за превенција на подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/44** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Локален Совет за превенција (ЛСП) за подрачјето на општина Охрид.

**Член 2**

Локалниот Совет за превенција на подрачјето на општина Охрид ќе го сочинуваат следниве постојани членови :

- Кирил Пецаков - Градоначалник на општина Охрид (Претседавач на ЛСП)
- Сашо Донев - Претседател на Совет на општина Охрид
- Билјана Богданова-Смилевска - Виш соработник за изготвување документација за заштита и спасување, управување со кризи и одбрана-Општина Охрид (Секретар на ЛСП)
- Зоран Карадакоски - Началник на Штаб за заштита и спасување на општина Охрид
- Наумче Новески - Јавна Установа Национален Парк Галичица
- Борко Јанкулоски - Командир на ТППЕ-Охрид
- Богоја Прензоски - Помошник командир на ПС-ОН Охрид
- Билјана Неделкоска - Началник на Отсек за превенција
- Сашко Дончевски - Командир ПС-ОН Охрид
- Славчо Голабоски - Директор на Јавно Претпријатие Национални Шуми Галичица-Охрид
- Владо Враговски - Одделение за односи со јавност
- Живка Ангелоска – член на Совет на општина Охрид.

**Член 3**

Во зависност од дневниот ред на состаноците на Локалниот совет за превенција и прашањата што ќе бидат предмет на интерес ќе се формираат тематски/проблемски работни тела со променливи членови кои ќе се претставници на различни организациски единици на полицијата, локалната власт, медиумите и невладиниот сектор, кои ќе учествуваат во развивање на локални стратегии за превенција.

**Член 4**

Локалниот Совет за превенција има за цел да изгради безбедна средина за живеење на локално ниво преку препознавање на локалните проблеми и градење на локални стратегии за решавање на проблемите со адекватно вклучување на надлежните субјекти.

**Член 5**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање локален совет за превенција бр. 08-11545/48 од 29.12.2020 година.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4989/20**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ - УРБАНА ОПРЕМА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање на користење недвижен имот - урбана опрема, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година.

**Број 09- 4989/45**
**18.04.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.04.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ-УРБАНА ОПРЕМА**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Охрид дава согласност за користење без надоместок на недвижен имот - урбана опрема културно-информативен киоск туристички инфо-центар, лоциран на КП.бр.16514 КО Охрид 3, со вкупна површина од 5,33 м2, поставен согласно Одобрението бр.19-115/2 од 07.03.2022 година и тоа за потребите на невладини организации, здруженија на граѓани и други непрофитабилни правни лица, со намена за користење на објектот во насока на обезбедување информации за опслужување на туризмот и посетителите на Охрид.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за туризам и локален економски развој да ги утврди критериумите, да изготви оглас и да ја спроведе постапката за избор, а Општина Охрид со избраните корисници да склучи договор со времетраење не подолго од 3 години од денот на неговото склучување.

**Член 3**

Тековното, инвестиционото одржување и трошоците кои призлегуваат од дејноста паѓаат на товар на корисниците на недвижниот имот.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Охрид“.

**Бр.08- 4989/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.04.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
